Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 05.11.2021

На 04.11.2021 околу 09.50 часот на ул.„Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Е.А.(18) од Тетово и 17-годишник од тетовско Горно Палчиште, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.11.2021 во 15.30 часот на ул.„Партизанска" во Неготино, полициски службеници од Полициската станица Неготино лишиле од слобода малолетник, затоа што кај него била пронајдена марихуана. За случајот биле известен Центарот за социјални работи. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2021 во 15.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за Граничен надзор Ќафасан го лишиле од слобода А.С.Е.Е.(25), државјанин на Арапска Република Египет, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување патна исправа". Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Охрид за понатамошна постапка.

На 03.11.2021 во 16.00 часот во СВР Тетово, А.М.(52) од с.Присојница, тетовско, пријавил дека во нива пронашол две неексплодирани рачни бомби од италијанско производство, со потекло од Втората светска војна. Извршен е увид, а бомбите биле безбедно подигнати од Дирекцијата за заштитита и спасување.

На 04.11.2021 на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е акциска контрола за техничка исправност на возилата кои вршат јавен превоз на патници. При контролата, откриени и санционирани се вкупно 22 неисправни возила, односно прекршоци (ТЕ-17 и ГВ-5). Најголемиот број од нив (12) имале неисправни сопирачки (ТЕ-10 и ГВ-2), кај 2 возила била констатирана неисправност на уредите за управување (ТЕ-1 и ГВ-1), а кај 3 возила (ТЕ) неисправност на други уреди. Сите неисправни возила веднаш се исклучени од сообраќај, а санкционирани се и 13 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-11 и ГВ-2).

На 04.11.2021 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Од извршената контрола било констатирано дека 13 возачи ја пречекориле брзината на движење, од кои 8 надвор од населено место и 5 во населено место. Сите биле соодветно санкционирани. Истиот ден на подрачјето на СВР Штип била спроведена и акциска контрола на возила со кои се врши јавен превоз на патници. За време на акциската контрола биле констатирани 3 прекршоци и сите биле соодветно санкционирани. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци од кои 13 за управување на возило без возачка дозвола, 4 за технички неисправно возило, 2 за нерегистрирано возило и 1 за некористење сигурносен појас.

На 04.11.2021, во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 87 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 16, девет санкции за возење без возачка дозвола, две мерки за возење под дејство на алкохол, 37 мерки за непропишно паркирање.

На 04.11.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени 23 мерки и тоа 16 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 7 за пречекорување на брзината надвор од населено место. Откриени се и 6 други видови прекршоци. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 04.11.2021 на подрачјето на СВР Охрид извршени се сообраќајни контроли на возила што вршат јавен превоз на патници. Притоа, кај два автобуса констатиран е неисправен уред за сопирање (Охрид-01, Дебар-01), поради што веднаш се исклучени од сообраќај.

На 04.11.2021 во 21.45 часот во Полициската станица Аеродром, К.С.(43) од Скопје пријавила дека нејзиниот малолетен син М.С.(17), кој претходно беше пријавен дека се оддалечил од домот, се вратил дома.

На 04.11.2021 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во атар на с.Горно Коњари, скопско, на место викано „Долг рид", И.С.(72) од с.Горно Коњари, управувајќи трактор „имт" се превртел и паднал, а за кусо време им подлегнал на повредите. Лекар од итна медицинска помош констатирал смрт. Извршен бил увид, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството.

На 04.11.2021 во 14.10 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.К.(53) од Скопје пријавила дека на ул.„Саса 2" била касната од куќе скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (04.11/05.11.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 24 прекршоци.

На 04.11.2021 во 23.50 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Х.(22) од с.Патишка река, скопско, поради постоење основано сомение дека сторил кривично дело „кражба", а при извршен преглед кај него бил пронајден гасен пиштол „Зораки 917-Т". По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2021 во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека околу 01.45 часот во фабрика во Свети Николе, додека извршувал работни задачи, П.К.(29) се здобил со тешка телесна повреда. За случајот се запознаени Трудов инспектор и Јавен обвинител.

На 04.11.2021 во 14.00 часот, полициски службеници од СВР Штип, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во домот на С.Т.(71) од Штип, при што била пронајдена и одземена рачна бомба „М75". Се работи на расчистување на случајот по што во координација со Јавен обвинител ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2021 околу 18.25 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.И.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2021 во 17.20 часот во СВР Скопје, С.К.(64) од Скопје пријавил дека на ул.„68" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во клинички центар „Аиибадем Систина" со тешки телесни повреди бил донесен В.П.(50) од Велес. Според пријавеното, околу 16.00 часот тој се повредил додека извршувал работни задачи на објект во градба во трговски центар на подрачјето на Гази Баба. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Тетово поднесе кривични пријави против Р.В.(39) од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" и В.М.К.(55) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата". Во текот на 2016 година, првопријавениот склучил нотарски договор со едно лице со кој се договориле како надоместок за уредување на неговиот двор да му го даде на користење неговото патничко возило „фолксваген туарег", без право на оттуѓување до завршување на активностите. Второпријавената, вработена како нотар, кога го направила купопродажниот договор помеѓу нив, му овозможила на првопријавениот да го препродаде возилото иако не било така договорено помеѓу двете страни.

На 04.11.2021 во 23.00 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(23) од Скопје пријавил дека околу 22.17 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Карпош бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против К.А.(43) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.09.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени повеќе куршуми со различен калибар, пиротехнички средства и експлозивно средство црн барут.

На 05.11.2021 во 03.00 часот во СВР Скопје, А.Ѓ.(18) од Прилеп пријавил дека околу 01.30 часот во Градскиот парк во Скопје три лица со закана му одделе мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.З.(45) од с.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пренесување заразна болест". На 09.08.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го пронашле пријавениот во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација.